ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 5 - Јануари 2019

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Градоначалниците од истокот и североистокот ќе формираат меѓурегионално претпријатие за управување со отпад

Осумнаесетте градоначалници од Источниот и Североисточниот плански регион и општина Свети Николе, која е дел од Вардарскиот регион, едногласно одлучија да се формира меѓурегионално јавно претпријатие, кое ќе управува со современиот систем за управување со отпад, кој ќе биде лоциран во близина на светиниколското село Мечкуевци.



Со оваа одлука, градоначалниците го откочија процесот за користење на 35 милиони евра што Европската Унија ги дава за набавка на опрема, камиони, изградба на претоварни станици, контејнери и изградба на регионалната депонија, односно современ систем за управување со отпад.

Новото регионално јавно претпријатие ќе нуди услуги за собирање на смет на околу 300.000 граѓани од двата региони, а во следниот период тим од правници треба да го изготви статутот на претпријатието.

Со реализацијата на овој капитален проект ќе имаат бенефит и граѓаните и општините кои ќе ги затворат депониите што се на ниво на ѓубришта со што ќе се намали загадување на животната средина. Новиот современ систем за депонирање на смет за двата региони ќе биде од затворен систем, а како што велат експертите, коишто со години работат на овој проект, ќе биде фабрика за отпад, но без големи профити.

## Градоначалникот Мицевски учествуваше на меѓународна конференција за одржлива енергетска транзиција



Градоначалникот Борјанчо Мицевски во периодот од 23 до 24 јануари учествуваше на меѓународна конференција за одржлива енергетска транзиција во Централна и Источна Европа (ЦИЕ) „Партнерство за ново енергетско лидерство“, која се одржа во Тарту, Естонија.

Главна тема на конференцијата беше одржливиот енергетски развој во ЦИЕ регионот и идните чекорите кои треба да се превземат во насока на одржливоста, со оглед на тоа што регионот заостанува во исполнувањето на целите на ЕУ за енергетска ефикасност како и во имплементацијата на Енергетската унија.

Североисточниот плански регион е дел од голем европски проект за енергетско лидерство, кој предвидува изработка на стратегија за искористување на енергетскиот потенцијал и обновливите извори на енергија. Целта на проектот е да се изработи енергетски профил за североисточниот плански регион како и мапа за правците на енергетската транзиција од јаглеродните горива кон обновливите извори на енергија во самиот регион до 2050 година. Проектот предвидува изработка на акциони планови за засегнатите страни во регионот, кои имаат клучна улога во делот на креирањето на енергетските политики и во делот на нивна имплементација.

## СОУ „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка е избрано за најбезбедно и најчисто училиште

СОУ „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка е избрано за најбезбедно и најчисто училиште во учебната 2017/2018 година во категоријата на средни училишта. На јавниот повик распишан од страна на МОН за избор на „Најбезбедно и најчисто училиште“, аплицирале вкупно 15 училишта од кои 11 основни училишта и 4 средни училишта.

Изборот е направен од Комисијата составена од претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за средно образование и обука и Министерството за внатрешни работи.



# Структура на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година

Буџетот на Општина Крива Паланка за 2019 година е проектиран на **327 милиони 36 илјади и 449 денари**.

При креирање на буџетот почитувани се начелата на: економичност, рационалност во трошењето преку дефинирани програми, транспарентно планирање, искористување на капиталните расходи, како и спроведување на дисциплинирана потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивни трошоци без да се наруши нормално функционирање на буџетските институции.

**Приходите во Буџетот** на Општина Крива Паланка за 2019 година изнесуваат **327.036.449** денари, а согласно пропишаната економска класификација истите се проектирани на:

- Даночни приходи 45.620.000 ден.
- Неданочни приходи 14.390.000 ден.
- Капитални приходи 34.980.000 ден.
- Трансфери и донации 232.046.449 ден.




## Даночни приходи 45.620.000 денари

| вид на приход | износ во денари |
|---|---|
| Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 3.100.000 |
| Даноци на имот | 14.850.000 |
| Даноци на специфични услуги | 22.370.000 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 5.300.000 |

## Буџетски расходи по функции

| Вид на расход | износ во денари |
|---|---|
| Општи јавни служби | 66.400.000 |
| Локален економски развој | 4.670.000 |
| Урбанистичко планирање и заштита на животната средина | 3.470.000 |
| Изградба и одржување на комунална инфраструктура | 69.443.449 |
| Култура, спорт и рекреација | 7.139.000 |
| Образование | 153.514.000 |
| Социјална заштита | 22.400.000 |

**Расходите** на Општина Крива Паланка за 2019 година се проектирани на износ од **327.036.449** денари од кои:

- Утврдени намени 321.576.449 ден.
- Резерви 300.000 ден.
- Отплата на кредит 5.160.000 ден.

## Планирани расходи (по програми)

| Програма | Планирано (денари) |
|---|---|
| А – совет на општина | 4.129.747 |
| А3 – финансиска подршка на ЕЛС | 1.301.253 |
| D - градоначалник | 2.094.000 |
| D1 – месна самоуправа | 660.000 |
| Е – општинска администрација | 49.259.000 |
| ЕА- капитални трошоци на општината | 450.000 |
| G – локален економски развој | 4.670.000 |
| J – комунални дејности | 69.443.449 |
| К – култура, музејска и кинотечна дејност | 6.646.000 |
| L – спорт и рекреација | 493.000 |
| V – детски градинки | 22.400.000 |
| N – основно и средно образование | 153.514.000 |
| R – заштита на животна средина и природа | 470.000 |
| F – урбанистичко планирање и уредување на просторот | 3.000.000 |
| W-противпожарна заштита | 8.411.000 |
| X1- Родова еднаквост | 95.000 |



## Потпишан меморандум меѓу „ТАКТ” и Општина Крива Паланка за развој на спортот

Градоначалникот на општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски и извршната директорка на Здружението за унапредување и меѓусебна соработка „ТАКТ”, Магдалена Спасовска потпишаа меморандум за соработка со цел заедничка работа во областа на спортот и потребите на претстојните активности од програмата „Спорот за развој”.



Програмата за развој преку спортот е на германското министерство за надворешни работи која во регионот, Србија, Косово и Албанија  е присутна од поодамна, а за првпат ќе се имплементира и во Македонија.

Крива Паланка е пилот општина во која во соработка со Кошаркарскиот клуб, како докажани добри  соработници и останатите спортски работници и здруженија од градот ќе се спроведе проектот „Спорт за социјално вклучување во заедницата”.

## Општина Крива Паланка  започна со имплементација на Географски информативен систем (ГИС)

Со цел да ја унапреди ефикасноста и точноста во работата на своите служби, како и да ја зајакне комуникацијата со граѓаните, Општина Крива Паланка донесе стратешка одлука  и започна со имплементација на Географски информациски систем (ГИС).




Решението ќе се користи од внатрешни корисници, вработени во општината и во јавните комунални претпријатија кои делуваат на територијата на општината, како и од надворешни корисници, институции и граѓани.

ГИС порталот на Општина Крива Паланка ќе ги содржи сите важечки детални урбанистички планови и  ќе овозможи графички преглед и пребарување на просторните податоци со што ќе се  олесни пристапот до податоци на граѓаните, а воедно се заштедува и времето потребно да се дојде до потребна информација.



## Општина Крива Паланка ќе поставува фотоволтаици на кровните конструкции на училиштата

Со средства обезбедени преку Министерството за финансии, како грант од Европска Унија за подобрување на рурална инфраструктура, Општина Крива Паланка ќе постави фотоволтаични инсталации на три кровни конструкции и тоа: ООУ Јоаким Крчовски, ООУ Илинден и СОУ Ѓорче Петров со вкупна моќност од околу 70KW.

Вкупниот грант на национално ниво за 36 општини е 15, 5 милиони евра и дополнителни 5 милиони евра како кофинасирање од страна на Владата на Р.Македонија.

Со ова значително ќе се намали потрошувачката на електрична енергија, а со тоа и финасиските средства за оваа намена. Истовремено со овој проект ќе се зголеми искористеноста на енергија од алтернативни извори согласно стратешките определби на Владата за зголемување на искористеност на енергија од други извори и заштита на животната средина.

## Пренос во живо на седниците на Совет

Со цел да се зајакне транспарентноста на Општината, а граѓаните да можат директно да ја следат работата на Советот на општината, седниците се пренесуваат директно на официјалната веб страница и страницата на Општина Крива Паланка на социјалната мрежа Фејсбук,  како и на **YouTube** каналот на Општината.




На официјалната веб страна на Општина Крива Паланка www.krivapalanka.gov.mk  поставена е  форма преку која граѓаните можат да се пријават за присуство на седница на Совет. При тоа ќе добијат повратна информација – прием за присуство,  а службите ќе ги известат сите кои ќе пројават ваков интерес, согласно тоа дали бројот е потполнет или не.

**Напомена:** Ве молиме оставете валидна е-маил адреса каде што ќе добиете повратен одговор за потврда на присуството.



## Во Крива Паланка се одржа инфо ден за ИПАРД 2 програмата

Во рамки на инфо деновите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство денеска во Крива Паланка беа презентирани можностите за искористување на средства од ИПАРД 2 програмата.

– Интересот за сите мерки кои се распишуваат во овој период преку ИПАРД 2 програмата со која на располагање на земјоделците им стојат над осумдесет милиони евра е голем, а покрај овие средства за модернизација на земјоделството и руралниот развој, во овој период сме фокусирани и на акредитација на дополнителни мерки, особено на мерката за рурална јавна инфраструктура која ќе ја користат општините и тоа ќе бидат дополнителни 10 милиони евра за општините, изјави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски.

Градоначалникот на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, во обраќањето истакна дека кривопаланечкиот регион има потенцијали за развој на земјоделието, но исклучително е важна и инфраструктурата за пристап до земјоделските површини. Во таа насока, рече, многу се важни мерките кои ќе се отворат во наредниот период.



## Празникот Богојавление – Водици традиционално прославен во Крива Паланка

Деветнаесетгодишниот Дарко Тошевски е среќникот кој међу четириесетмината пријавени го извади крстот од водите на Крива Река на овогодинешниот богојавленски водосвет во Крива Паланка.



Градоначалникот на Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, му додели подарок на Тошевски од име на општината, а подарок му врачи и одговорен од аптеки „Зегин“.

## Градоначалникот Мицевски присуствуваше на свечена академија по повод ослободувањето на градот Врање



Градоначалникот Борјанчо Мицевски на покана на градоначалникот на град Врање, Слободан Миленковиќ, со делегација од Општина Крива Паланка, присуствувше на свечената академија по повод одбележувањето на Денот на градот и 141 годишнината од ослободувањето на Врање.

На свеченоста беа доделени признанија на најистакнатите граѓани од Врање, за нивниот придонес во унапредувањето на Врање на различни полиња и беше одржана пригодна уметничка програма.

Посетата беше искористена за размена на искуства и планови за продлабочување на соработката со општините од регионот кои се опфатени со програмата за прекугранична соработка на Европската Унија.



## Центарот за младински иницијативи „Цик Цак“ започна со изготвување на нацрт статегија за младите во Крива Паланка

Здружението Центар за младински иницијативи Цик-Цак од Крива Паланка започна со реализација на проектот „Промоција на младински активизам преку креирање на институциски платформи за младински потреби’’.

Согласно активностите на проектот, предвидени се четири работилници за статешко планирање, како дел од процесот за изготвувањето на нацрт стратегијата за младите во општина Крива Паланка.

- Ова е многу значајна тема за сите нас зошто младите биле, се и ќе бидат значаен фактор во креирањето и носењето на локалните политики. Се надевам дека со изготовката на овој документ, заеднички со Советот на мадите и сите други релевантни чинители на локално ниво, ќе ги дефинираме реланите потреби и приоритети на младите од општина Крива Паланка, изјави градоначалникот Мицевски на првата работилница.